# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за финансии |
| Назив на предлог законот | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност |
| Краток опис на проблемот | Со Законот за хартии од вредност се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност. Сертификатот за депозит е еден од инструментите со кои може да се тргува на пазарот со хартии од вредност. Со цел да заживее издавањето и тргувањето со овој инструмент, беше направена анализа на регулативата од други држави, вклучително и за САД, со која е уредено издавањето на сертификати за депозит. Од анализата произлезе потреба да се прецизира постоечката дефиниција на сертификатот за депозит во насока на доуредување на карактеристиките на овој инструмент. Исто така, праксата покажа дека има потреба да се направат и други измени во Законот за хартии од вредност. Дел од измените се главно се од техничка природа, а се поврзани со полагањето на стручниот испит за работа со хартии од вредност и инвестициски советник. Понатаму со измената се пропишува друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да бидат членки на депозитарот со што истите ќе може да отвораат портфолио сметка на хартии од вредност при вршење на услугата управување со портфолио на хартии од вредност за сметка на вложувачот. Исто така со измената се воведува можност засегнатите страни во делот на полагањето на стручните испити за брокер и инвестициски советник против решенијата на Комисијата да поднесат жалба до државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заради усогласување со останатите одредби во постојниот закон во делот на поднесувањето на жалба против решенијата на Комисијата. Во насока на заштита на интересите на инвеститорите, особено при давањето на налози за купопродажба на хартии од вредност, се пропишува и обврска за брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во |

| | | |
|---|---|---|
| | системот за тргување на берзата.<br>За таа цел, се предлагаат измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност. | |
| Цел на предлог законот | Со донесувањето на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност ќе се исполни обврска од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија со кој Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014 година да подготви измена на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит. | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Направени се консултации и усогласени се ставовите со Комисијата за хартии од вредност. | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | Да | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите | www.ener.gov.mk | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | lence.tagasovska@finance.gov.mk | |
| Други информации | | |